МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

DRAFT

Наставна програма

# Ликовно образование

## за VII одделение

**Скопје, 2023 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Ликовно образование*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | VII (седмо) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • ***Ликовен јазик***<br>• ***Дводимензионална уметност***<br>• ***Тродимензионална уметност*** |
| **Број на часови** | 1 час неделно/36 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Компјутер, таблет, проектор, дигитален фотоапарат, мобилен телефон (апликации), паметна табла, печатач и сл.<br>• Интернет и образовни софтвери.<br>• Хартија, молив (B и HB), јаглен, дрвени боички, туш и перце, сув пастел, фломастери, четки, темперни бои, акрилни бои, водени бои, гваж, маркери, лепак, ножици, гипс, матрица, картон, пердуви, валјак, ракел.<br>• Сапун, восок, алуминиумска фолија, пластика, амбалажи, жица, платна, волници, јажиња, лепило за дрво, шпатули, хефталка.<br>• Репродукции од уметнички дела, ученички творби, фотографии, списанија, книги, продукти од дизајн и др. |
| **Норматив за наставен кадар** | Наставата по Ликовно образование во седмо одделение може да ја изведува лице кое завршило:<br>• студии по ликовни уметности, наставна насока, VII/1 или VI A (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>• студии по ликовни уметности, друга ненаставна насока, VII/1 или VI A (според МРК) и 240 ЕКТС и стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето ***Уметничко изразување и култура*** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност; |
| VIII-A.9 | да препознае и објасни како културата на која ѝ припаѓа (вклучително и на традицијата и религијата) влијаела на формирање на неговиот/нејзиниот идентитет и поглед на светот; |
| VIII-A.11 | да препознава присуство на етноцентризам и да ги идентификува елементите во културата кои придонесуваат за негова манифестација; |
| VIII-A.12 | да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура туку и низ перспективата на други култури. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VIII-Б.1 | уметноста и другите форми на културно изразување придонесуваат за разбирање и менување на светот; |
| VIII-Б.3 | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесува за јакнење на културниот идентитет и дигнитет. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните трансверзални подрачја на Националните стандарди:

***Јазична писменост***

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| I-A.1 | да ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации на својот мајчин јазик преку различни медиуми и за различни цели; |
| I-A.2 | да познава и да користи различни форми на писмено изразување: литературни (песна, краток расказ, излагање/говор, литературен есеј, дневник и др.) и нелитературни (тематски есеј, известување, барање, соопштение, реклама и др.); |
| I-A.3 | да води критички и конструктивен дијалог, аргументирано искажувајќи ги своите ставови; |

| | |
|---|---|
| I-A.9 | да разбира содржини на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-A.11 | да ги идентификува и анализира пораките и стилските и естетските елементи на литературните дела. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| I-Б.4 | содржината и начинот на изразување на сопственото мислење можат да придонесат за одржување и за подобрување на комуникацијата, но и да предизвикаат недоразбирање и конфликти. |

***Математика и природни науки***

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
| III-A.51 | да ја објаснува интеракцијата меѓу човекот и животната средина и да ги идентификува позитивните и негативните влијанија на човекот врз животната средина; |
| III-A.52 | да го разбере значењето и потребата од одржливиот развој и критички да анализира ситуации во кои постојат конфликти на интереси меѓу потребата од економско-технолошки развој и заштитата на животната средина; |
| III-A.53 | да ги анализира односите меѓу еколошките, социјалните и економските системи од локално до глобално ниво. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| III-Б.8 | секоја индивидуа е одговорна за зачувување на природната средина во непосредното опкружување и пошироко и дека треба да развива еколошка свест и да делува во насока на заштита и одржливост на животната средина. |
| III-Б.9 | треба да ги разбира предностите, ограничувањата и ризиците на научните теории и нивната примена и да покажува развиен однос кон носење правилни одлуки и градење вредности, вклучително и моралниот аспект при решавањето проблеми. |

***Дигитална писменост***

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
| IV-A.1 | да ги истражува и споредува можностите на познати и нови дигитални уреди и самостојно да процени, одбере и да ги користи тие кои се најсоодветни за конкретна потреба и ситуација; |

| | |
|---|---|
| IV-А.4 | во соработка со други да анализира проблем, да развие идеја и план за негово истражување и решавање и да испланира кога и за што ќе користи ИКТ; |
| IV-А.6 | да избере и користи различни алатки за обработка на податоци, да ги анализира податоците и да ги претстави на различни начини, почитувајќи ги правилата за користење; |
| IV-А.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила, и за добро на луѓето. |

***Личен и социјален развој***

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
| V-А.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-А.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| V-А.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |

| | |
|---|---|
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.18 | да истражува, поставувајќи релевантни прашања со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |

***Општество и демократска култура***

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
| VI-A.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-A.4 | да прави критичка рефлексија за различните лични и општествени вредности и однесувања во различни контексти (особено во етички сензитивните ситуации), да ги почитува општествено прифатените норми и вредности, но и да ги предизвикува кога мисли дека тоа е потребно; |
| VI-A.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите; |
| VI-A.13 | да го анализира концептот на човековите права и правата на децата, да идентификува случаи на повреда на правата и да презема активности за нивно неселективно почитување; |
| VI-A.17 | да го анализира влијанието на пишаните, електронските и социјалните медиуми врз јавното мислење и да избира веродостојни извори на информации врз кои ќе ги базира сопствените ставови; |

| | |
|---|---|
| VI-А.19 | да ја објасни важноста на демократските процеси во општеството и да ги применува принципите на демократско учество во рамки на училиштето; |
| VI-А.27 | да ја раскаже и објасни историјата (социјална, културна и политичка) на сопствениот народ и на историите на другите народи кои живеат во нашата земја и во регионот, со своите посебности и во контекст на споделеното историско минато. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VI-Б.1 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| VI-Б.6 | личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес; |
| VI-Б.9 | секој граѓанин треба да преземе одговорност за промените во природата предизвикани од активностите на човекот; |
| VI-Б.10 | познавањето на историјата и географијата овозможува подобро разбирање на светот во кој живееме. |

***Техника, технологија и претприемништво***

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
| VII-А.6 | да развие план за изработка на некој продукт со употребна вредност, да го изработи продуктот, користејќи соодветни материјали, алатки и постапки и да ја провери неговата функционалност; |
| VII-А.7 | да определи цена на продуктите, вклучувајќи ги заработката, трошоците и давачките. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VI-Б.2 | успешните идеи кои водат кон лични, социјални и финансиски придобивки се резултат на креативност, иницијативност, посветеност и истрајност; |
| VI-Б.4 | работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима; |
| VII-Б.5 | ресурсите не се неограничени и дека е потребно одговорно да се користат. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: ***ЛИКОВЕН ЈАЗИК***

Вкупно часови: 4

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:

1. да прави разлика меѓу дводимензионална и тродимензионална уметност и да користи ликовен јазик при опишување на ликовните подрачја;
2. да ги опишува ликовните елементи и ликовните принципи за секое ликовно подрачје;
3. да користи ликовен јазик при опишување ликовни дела.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| --- | --- |
| • **Ликовни подрачја**<br>(ликовен јазик, дводимензионална уметност, цртање, сликање, графика, дизајн и визуелни комуникации во 2Д, тродимензионална уметност, скулптура, дизајн и визуелни комуникации во 3Д) | • Разликува дводимензионална уметност (цртање, сликање, графика и дизајн и визуелни комуникации во 2Д) од тродимензионална уметност (скулптура и дизајн и визуелни комуникации во 3Д).<br>• Користи ликовен јазик при опишување на ликовните подрачја (цртање, сликање, графика, скулптура, дизајн и визуелни комуникации). |
| • **Ликовни елементи и ликовни принципи**<br>(линија и линиски вредности, насока, тон и тонска скала, валер, хармонија, контраст, простор, ритам, стилизација, орнамент) | • Ги опишува ликовните елементи и ликовните принципи: линија и линиските вредности, насока, тон и тонска скала, валер, хармонија, контраст, простор и ритам, стилизација, орнамент за секое ликовно подрачје. |
| • **Естетска проценка**<br>(мотив, идеја, техника) | • Опишува ликовно дело (мотив, идеја и техника) со употреба на ликовен јазик. |

**Примери за активности**

- Учениците поделени во мали групи/парови изработуваат постери во кои ја илустрираат поделбата на ликовните подрачја во рамките на дводимензионалната и тродимензионалната уметност. Потоа постерите ги претставуваат пред соучениците.
- Учениците создаваат нагледен материјал за ликовните елементи и ликовните принципи (линија и видови линии, насока, тон и тонска скала-валер, хармонија, контраст, простор и ритам) за секое ликовно подрачје.
- Учениците, поделени во групи, разгледуваат дела од музеите во светот при што секоја група одбира еден музеј од кој издвојува дела.  Потоа ги анализира делата преку мотивот, идејата, техниката и ликовните елементи и ги опишува со употреба на ликовен јазик. На крајот секоја група изработува презентација (на хартија или дигитално) на тема: Музеите низ светот, и истата ја претставуваат пред соучениците.

DRAFT

Тема: ***ДВОДИМЕНЗИОНАЛНА УМЕТНОСТ***

Вкупно часови: 24

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:

1. да разликува и применува различни линиски вредности, насоки на линии и густини, да комбинира различни линии, тонови, текстури/шрафури применувајќи различни цртачки техники;
2. да разликува ахроматски од хроматски тонски скали, топли од студени бои, хармонија од контраст, фигуративна од нефигуративна композиција и да применува и усовршува различни сликарски техники при сликање по сеќавање и по сопствена замисла;
3. да разликува ахроматски тонови и светло-темен контраст во графички творби и да применува различни графички техники и постапки;
4. да разликува продукти од графичкиот дизајн и да креира идејни решенија и продукти од графичкиот дизајн на дадени мотиви и по сопствена замисла.

Ученикот/ученичката ќе:

1. развива имагинација и креативност при творењето на ликовни творби;
2. развива способност за естетска проценка на ликовни дела и ученички творби.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| • **Цртање и цртачки техники**<br>(линија, линиски вредности, текстура, тон, цртачка техника, плоштина, интензитет, шрафура, контура, форма, пастел) | • Прави разлика на линиски вредности и линеарни густини во природниот простор.<br>• Создава композиција со комбинирање на линии, густини на линии, текстури, тонски вредности и големини.<br>• Применува линии во различни насоки, густини и интензитет (шрафура) при добивање различни тонски вредности.<br>• Применува линиски вредности и различни постапки преку техника пастел.<br>• Го интерпретира значењето на сопствената изработка – цртеж.<br>• Користи графички компјутерски програми за цртање цртеж според фотографија. |
| • **Сликање и сликарски техники**<br>(тон, тонски скали, валер, хроматски и ахроматски бои, топли и студени бои, хармонија и контраст на бои, комплементарен контраст, портрет, автопортрет, фигуративен израз, нефигуративен израз, апстрактни форми) | • Препознава тон/валер во ликовно дело/ученичка творба.<br>• Разликува ахроматска од хроматска тонска скала и користи тонска скала на боја во слика.<br>• Прави разлика меѓу топли и студени бои.<br>• Применува топли/студени бои.<br>• Разликува хармонија од контраст на бои.<br>• Применува хармонија со комбинирање на бои. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| | • Користи графички компјутерски програми за изработка на слика со комплементарен контраст.<br>• Применува фигуративен и нефигуративен израз.<br>• Користи апстрактни форми при сликање по сопствена замисла.<br>• Го интерпретира значењето/симболиката на сопствената апстрактна слика. |
| • **Графика и графички техники**<br>(контраст, ахроматски тонови, плоха, гипсорез, колаграфија, текстура, висок печат, длабок печат) | • Разликува ахроматски тонови и светло-темен контраст.<br>• Создава графичка творба со светло-темен контраст (линеарно и плошно).<br>• Применува техника на висок печат (со матрица во гипсорез) за изработка на графички отпечаток.<br>• Применува графичка техника колаграфија за изработка на графички отпечаток (висок/длабок печат или комбинација). |
| • **Дизајн и визуелни комуникации во 2Д**<br>(графички дизајн, дизајн на книга, корица, илустрација, флаер, банер, текст, орнамент, стилизација, ритам) | • Разликува продукти од областа на графичкиот дизајн: дизајн на книга, флаер и банер.<br>• Применува орнамент во сопствена творба.<br>• Креира идејно решение за корица и илустрација.<br>• Го интерпретира значењето и пораката на сопствената творба.<br>• Користи графички компјутерски програми за креирање на идејно решение за флаер или банер. |

**Примери за активности**

- Учениците воочуваат и препознаваат линиски вредности и густина на линии на геолошки наслојки и други природни појави (со набљудување во природа или преку фотографија и други нагледни средства) и цртаат со комбинирање на техниките молив, јаглен и фломастер.
- Учениците ахроматски цртаат мотив Мртва природа и притоа изразуваат градација на тон и контраст светло-темно со јаглен.
- Учениците цртаат мотиви од урбана средина и прикажуваат плоштини со различна тонска вредност и употребуваат линии со различен интензитет и испреплетеност (шрафура) користејќи различни цртачки техники (молив, туш, фломастер).
- Учениците цртаат на слободна тема применувајќи различни видови линии и тонови во една боја во техника пастел. Притоа истражуваат постапки за добивање на линиски вредности со забришување со крпче, памук, гума и сл. Потоа го интерпретираат значењето на својата изработка.
- Учениците индивидуално избираат една фотографија.  Со помош на графички компјутерски програми ги цртаат контурите на формите во композицијата, а потоа  површините ги исполнуваат со различни шрафури (по примерот на Рој Лихтенштајн).
- Учениците ги препознаваат и споредуваат тоновите/валерите во дела од познати уметници (Пол Кле, Виктор Вазарели) или ученички творби.

DRAFT

- Учениците разгледуваат тонски скали и разликуваат ахроматски од хроматски тонски скали на бои. Потоа, со користење на различни тонски скали сликаат пејзаж по сеќавање, на мотив: Мугра, Квечерина, Залез и сл., со примена на темперни бои, водени бои или гваш техника.
- Учениците во кругот на боите ги разликуваат топлите од студените бои. Потоа, идентификуваат топли и студени бои во опкружувањето (во училницата, во училишниот двор и сл.).
- Учениците поделени во парови одбираат композиција од познат уметник. Потоа едниот ученик ја слика композицијата со топли бои, а другиот ја слика истата композиција со студени бои (со темперни или акрилни бои). Потоа паровите ги презентираат композициите пред паралелката и сите заедно ги споделуваат впечатоците кои ги оставаат врз нив топлите/студените бои.
- Учениците разгледуваат примери на дела од познати уметници (на пр. Клод Моне, Ван Гог, Џорџија О'Киф и др.) и на истите идентификува хармонија на бои.
- Учениците сликаат флорални елементи со примена на хармонија на бои, со водени или темперни бои.
- Учениците разгледуваат примери на дела од познати уметници (На пр. Ван Гог, Гоген, Матис, Клод Моне, Личеноски) и на истите воочуваат и разликуваат контраст на бои од хармонија на бои.
- Учениците сликаат композиција со користење на комплеметарен контраст на бои (црвена – зелена, сина – портокалова или виолетова – жолта) со мотив портрет/автопортрет, според пример на Енди Ворхол, со користење на графички компјутерски програми.
- Учениците, поделени во мали групи/парови, креираат фигуративна композиција на мотиви од флора и фауна со колаж техника (парчиња картони, различни видови хартија, текстил и сл.).
- Учениците сликаат нефигуративна композиција со апстрактни форми по сопствена замисла во техника по избор на ученикот (според примери од Василиј Кандински, Џексон Полок, Петар Мазев и др.). Потоа, учениците ги изложуваат своите творби и ги презентираат пред соучениците интерпретирајќи го нивното значење/симболика.
- Учениците разгледуваат примери на графички творби и создаваат цртеж-скица за графика (техника гипсорез) со ахроматски тонови и/или контраст светло-темно на зададена тема Пејзаж или Мртва природа.
- Учениците изработуваат графика во еден или два тона во техника гипсорез. За секој тон ученикот треба да изработи засебна графичка подлога/матрица. На изработените матрици се нанесува боја во саканиот тон со валјак. Печатењето се врши редоследно (прво посветлиот, потоа потемниот тон) според претходно изработениот цртеж.
- Учениците креираат матрица за печатење со употреба на техниката колаграфија. На пластична или картонска подлога се лепат материјали со различни текстури (конец, волница, дрвофикс, ткаенини, листови, хартии со различни текстури, пердуви, шмиргла, песок и сл.) за да се добие композиција составена од различни нагласени линии и текстури. На добиената површина/матрица се нанесува боја со валјак која потоа се печати на хартија (висок печат), при што се нагласуваат формите со текстура и контраст.
- Учениците можат да ја отпечатат матрицата од колаграфија и со нанесување на контрастни бои (една боја се нанесува со ракел -  за длабок печат, а втората боја со валјак - за висок печат), а потоа реализираат графички отпечаток во висок и длабок печат истовремено, но на влажна хартија.

DRAFT

- Учениците, поделени во мали групи/парови, разгледуваат различни продукти од графичкиот дизајн и ги класифицираат на: дизајн на книга (корица, илустрација), флаер и банер. Потоа, од нив креираат едукативни дијаграми/постери кои ги поставуваат во училницата и ги презентираат.
- Учениците разгледуваат примери на орнаменти од минатото (во народно творештво: ткаени и везени, на грнчаријата и сл.), на истите го забележуваат ритамот на стилизираните форми и креативно ги применуваат во својата творба на мотив: Народната носија од мојот крај.
- Учениците поделени во мали групи/парови, креираат корица и илустрација за книга по сопствен избор (поезија, проза) со помош на цртачки и сликарски техники и нивни комбинации, комбинирајќи линии, форми, бои и орнаменти. Потоа секоја група/пар ја презентира својата идеја пред соучениците поврзувајќи ја со фрагмент од одбраното литературно дело.
- Учениците создаваат идејно решение со комбинација на слика и текст за флаер/банер на мотив: Училиште по моја мерка. Идејното решение го печатат и презентираат пред соучениците, интерпретирајќи ја визуелната и текстуалната порака која ја соопштуваат преку овие продукти.

Тема: ***ТРОДИМЕНЗИОНАЛНА УМЕТНОСТ***
Вкупно часови: 8

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:

1. да разликува тродимензионални форми на пластично обликување во просторот и да применува различни скулпторски техники и постапки;
2. да ја препознава потребата од дизајнот на накит и амбалажа, да применува стилизирани форми, да создава идејно решение за дизајн на накит и да користи графички компјутерски програми за дизајн на амбалажа.

Ученикот/ученичката ќе:

1. развива имагинација и креативност при творењето на ликовни творби;
2. развива мануелни вештини;
3. развива способност за естетска проценка на ликовни дела и ученички творби.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| • **Пластично обликување**<br>(скулптура, галериска скулптура, минијатура, монументална скулптура, сапун, восок, простор, контраст, хармонија) | • Разликува галериска скулптура, минијатура и монументална скулптура.<br>• Применува техника на длабење при изработка на минијатура од сапун/восок.<br>• Идентификува контраст и хармонија на големини и форми во тродимензионално дело.<br>• Применува обликување со картон при изработка на скулптура.<br>• Компонира сложена скулптура во простор од повеќе материјали.<br>• Го интерпретира значењето/симболиката на изработената скулптура. |
| • **Дизајн и визуелни комуникации во 3Д** | • Препознава продукт од областа на дизајн на накит. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| (дизајн на накит, сериски продукт, уникат, ритам, стилизација, филигран, амбалажа, Quiling (Квилинг) | • Применува стилизирани форми при дизајнирање накит.<br>• Создава идејно решение за филигран во техника Quiling (Квилинг).<br>• Користи графички компјутерски програми за креирање идејно решение за дизајн на амбалажа. |

**Примери за активности**

- Учениците, поделени во мали групи/парови, користејќи интернет, разгледуваат примери од различни скулптури и прават разлика меѓу галериска скулптура, минијатура и монументална скулптура.
- Учениците изработуваат минијатури со мотив човечка фигура со длабење во сапун/восок.
- Учениците, поделени во мали групи/парови, набљудуваат тродимензионални уметнички дела и предмети од опкружувањето, ги идентификуваат контрастот и хармонијата на големини и форми и сознанијата ги презентираат пред другите.
- Учениците изработуваат скулптури со животински форми од картон по примерот на скулптурите на Александер Калдер (со животински форми) и потоа истите ги бојат со темперни бои.
- Учениците, поделени во големи групи, креираат скулптура од жици и со комбинирање на други материјали (алуминиумски фолии, картони, ткаенини и сл.) со мотив по избор. Учениците ги изложуваат своите творби и ги презентираат пред соучениците интерпретирајќи го нивното значење/симболика.
- Учениците, поделени во мали групи/парови, користејќи интернет истражуваат на тема накитот некогаш и денес (историјат, уникатност и сериско производство) и разгледуваат различни примери на накит. Потоа, примерите ги печатат и креираат едукативни дијаграми/постери кои ги поставуваат во училницата и ги презентираат.
- Учениците дискутираат за потребата на креирање накит во техниката филигран. Потоа креираат идејно решение за накит (обетка, приврзок, прстен, алка, брош и сл.) користејќи молив, туш и сл.
- Учениците реализираат творба во техника Quiling (Квилинг) со мотив: Мојот уникатен филигрански накит.
- Учениците креираат скица (идејно решение) за дизајн на амбалажа: Кутија за накит, според сопствена замисла со помош на графички компјутерски програми. Идејното решение го презентираат пред соучениците опишувајќи и објаснувајќи ги идејата и употребата на замислениот предмет/амбалажа за накит.

DRAFT

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни методички приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни

асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;
- истражувачките активности при кои ученикот врши набљудување, претставување резултати и нивно презентирање;
- практичната изведба и активност на часовите при изработката на сопствените и заедничките творби;
- изработките (цртежи, слики, графики, скулптури, дизајни, илустрации, презентации, модели и сл.);
- естетската проценка на уметнички дела и ученички творби;
- одговорите на квизови (кратки тестови) што се дел од поучувањето.

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива бројчана сумативна оценка на постигнатите стандарди за оценување. Бројчаната сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на практично творечките активности и теоретскиот дел - преку усни одговори и тест на знаење од ликовниот јазик во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Ликовно образование* за VII одделение.** | бр. ___________<br>_______________ година<br><br>Министер за образование и наука,<br><br>____________________________ |

DRAFT